**ПСУ АМЕРИКАНСКА ГИМНАЗИЈА СКОПЈЕ**

**КОНКУРС**
**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ 1 (ЕДНА) СТИПЕНДИЈА**
**во учебната 2025/2026 година**

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

ПСУ Американска Гимназија Скопје (АГС) ќе додели 1 (една) стипендија за талентиран ученик за упис во прва година гимназиско образование во учебната 2025/2026 година. Стипендијата ја покрива школарината за сите четири училишни години гимназиско образование.
Повикот е отворен за сите ученици од 9-то одделение од сите основни училишта во Република Северна Македонија.
Селекцијата на кандидатите ќе се врши преку бодување и рангирање според долунаведените критериуми.
Стипендистот, во текот на своето образование во АГС ќе добие и поддршка за активно учество во локални, регионални и меѓународни натпревари, соработки и настани. Со ова ќе му се отворат можности за самоусовршување и академски напредок, како и претставување на мисијата и визијата на училиштето, но и на својата држава (на меѓународни проекти и натпревари).
Ученикот кој ќе ја добие стипендијата, покрај другите услови утврдени со договорот, ќе треба да постигнува висок континуиран успех во текот на сите училишни години, а на крајот на секоја училишна година просекот да не биде помал од 4.00 GPA, односно 5.00. Во случај ученикот да не го задржи просекот, стипендијата престанува да важи и средствата по основ на доделената стипендија ќе треба да бидат вратени во целост на гимназијата.

## 2. ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА АПЛИЦИРАЊЕ

- Пополнета апликација (електронска, достапна на [www.ahss.edu.mk](http://www.ahss.edu.mk))
- Изјава за согласност за обработка на лични податоци (достапна на [www.ahss.edu.mk](http://www.ahss.edu.mk))
- Копии од свидетелства од 6$^{то}$ до 8$^{мо}$ одделение
- Копии од државни и меѓународни награди од натпревари
- Доказ за остварени приходи за двајцата родители/старатели за 2023/2024

**Документите се праќаат електронски на info@ahss.edu.mk или по пошта на адреса: Американска гимназија Скопје, бул. Трета Македонска Бригада бр. 60, 1000 Скопје, со назнака „Конкурс за стипендии 2025/2026“.**

Пријавувањето на конкурсот ќе се врши во периодот **од 20.1.2025 до 21.2.2025 година**.

## 3. КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СТИПЕНДИЈА

**Рангирањето на кандидатите ќе се врши согласно табелата подолу:**

| | |
|---|---|
| Среден успех од 6$^{\text{то}}$ до 8$^{\text{мо}}$ одделение | Макс. 20% |
| Награди од државни и меѓународни натпревари | Макс. 10% |
| Социоекономски прилики на семејството | Макс. 10% |
| Успех од тестирање | Макс. 40% |
| Интервју | Макс. 20% |
| **Вкупно** | **100%** |

Кандидатите ќе бидат тестирани по предметите Англиски јазик и Математика. Информации за материјалите и наставните содржини кои ќе се полагаат, ќе бидат објавени на веб страната www.ahss.edu.mk.

**За кандидатите ќе биде одржана подготвителна настава во следниве термини:**

| | |
|---|---|
| Подготвителна настава по Англиски јазик | 4 март 2025 |
| Подготвителна настава по Математика | 5 март 2025 |

**Во табелата подолу се наведени датумите за полагање на тестовите:**

| | |
|---|---|
| Тест по Англиски јазик | 18 март 2025 |
| Тест по Математика | 20 март 2025 |
| Интервју | 24 март 2025 |

**Резултатите ќе бидат објавени на 27 март 2025 г.**

Приговор по објавените резултати кандидатите ќе може да поднесат во рок од 24 часа од денот на објавување.
Добитникот на стипендијата, заедно со својот родител/старател, треба да потпише Договор за стипендирање најдоцна до 4.4.2025 година. Доколку договорот не се потпише до овој датум, стипендијата се доделува на следниот кандидат согласно остварените поени.
Уплатата на персоналниот данок за доделената стипендија е обврска на корисникот на стипендијата.
За подетални информации поврзани со конкурсот, Ве молиме контактирајте ја Гимназијата.

Американска гимназија Скопје
Трета Македонска Бригада 60, 1000 Скопје
+389 2 2469 993
+ 389 78 455103
info@ahss.edu.mk
klimoska@uacs.edu.mk